Археологија на знаењето

Мишел Фуко

Ова издание ја доби поддршката на Програмата за помош во издаваштвото на Францускиот институт и од Фондот за книжевни проекти од Централна и Источна Европа, Амстердам

The translation was kindly supported by the Fund for Central & East European Book Projects, Amsterdam

Cet ouvrage a bénéficié du soutien du Programme d'aide à la publication de l'Institut français.

Едиција **Перископ**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Michel Foucault, „L'Archéologie du savoir"

Copyright © Éditions Gallimard, Paris, 1969
Copyright © Бегемот, 2025

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Археологија на знаењето

Мишел Фуко

Превод од француски јазик
Наташа Ѓондева

Скопје, 2025

I. ПРЕДГОВОР

Историчарите со децении им посветуваат внимание на долгите временски периоди, како да се обидуваат од политичките настани и епизоди да ги изнесат на виделина цврстите рамнотежи што тешко може да се нарушат, неповратните процеси, постојаните регулирања, тенденциозните појави што го достигнуваат врвот, а потоа се менуваат според вековните континуитети, натрупаните движења и бавните презаситености, според големите, неподвижни и неми потпори, а сите тие се покриени со сплет од традиционални раскажувања и со густ слој од настани. За да направат таква анализа, историчарите располагаат со инструменти што делумно сами ги создаваат и делумно ги преземаат, а тоа се: моделите на економскиот раст, квантитативната анализа на размената, профилите на демографскиот пораст и опаѓање, изучувањето на климата и нејзините промени, утврдувањето на социолошките константи, описот на техничките приспособувања, нивното ширење и нивната постојаност. Овие аналитички инструменти им овозможиле да ги определат наталожените слоеви на полето на историјата; од линеарните врски што дотогаш биле предмет на истражување,

се преминало на дејствата што се случуваат во длабочина. Кога се оди од политичката мобилност кон бавните движења на „материјалната цивилизација“, нивоата на анализа се зголемуваат: секое ниво има специфични прекини, секое содржи исечоци својствени само за него, а како што се оди подлабоко, сè до најдлабоките нивоа, поделбите стануваат сè пошироки. Зад бурната историја на владеењата, на војните и гладот, се оцртуваат неподвижни истории, истории со благо отстапување како што се историјата на поморските патишта, историјата на житата или на рудниците за злато, историјата на сушите и наводнувањето, историјата на расчистувањето на земјиштето, историјата на рамнотежата што човечкиот род ја постигнал помеѓу гладот и благосостојбата. Старите прашања од традиционалната анализа (Каква врска да се воспостави меѓу различни настани? Како да се воспостави неопходната низа меѓу нив? Каков е континуитетот меѓу нив или какво значење имаат? Може ли да се дефинира една целина или треба да се ограничиме само на врските?) сега се заменети со поинакви прашања: Кои слоеви треба да се одделат? Какви низи треба да се утврдат? Какви критериуми на периодизација треба да се утврдат за секоја низа? Каков систем на односи (хиерархија, превласт, слоевитост, еднозначност, кружна каузалност) може да се опише меѓу нив? Кои сериски низи може да се воспостават? И на каква табела, со широка хронологија, треба да се дефинираат посебните настани?

Приближно во исто време, дисциплините што ги нарекуваме историја на идеите, на науката,

на филозофијата, на мислата и на книжевноста (нивната специфичност за момент може да се занемари), и покрај својот назив, во голема мера се оттргнуваат од работата на историчарот и неговите методи, а вниманието се префрлува од широките единици, опишани како „епохи“ или „векови“, кон појавата на прекин. Со големите континуитети на мислата, со масивните и хомогени манифестации на колективниот дух и менталитет, со развојот на една наука што упорно се труди да опстои и да биде довршена уште од својот почеток, со истрајноста на жанрот, формата, дисциплината или теориската активност, сега се настојува да се открие влијанието на прекинот. Прекините имаат различен статус и природа. Епистемолошките акти и прагови што ги опишал Г. Башлар (G. Bachelard), ги укинуваат бескрајните кумулативни знаења, ги прекинуваат нивните бавни созревања и ги воведуваат во едно ново време, ги одвојуваат од нивното искуствено потекло и од почетните мотиви, ги прочистуваат од замислените соучесништа; тие веќе не ѝ пропишуваат на историската анализа потрага по тивки почетоци, ни бескрајно враќање кон претходниците, туку откривање нов тип рационалност со сите нејзини бројни ефекти. Поместувања и трансформации *на концептите* се анализи на Ж. Кангијем (G. Canguilhem), кои може да послужат како модели; тие покажуваат дека историјата на еден концепт не е во сè и не е за сите историја на прогресивно подобрување на концептот, на неговата растечка рационалност, на степенот на неговата апстрактност, туку е историја на различни полиња на конституција

и на знаење, историја на правилата за употреба, на бројни теориски средини во кои се одвивала и ја довршила неговата разработка. Кангијем ја утврдува разликата помеѓу микроскопската и макроскопската скала на историјата на науките, каде што настаните и нивните последици не се распоредени на ист начин, така што едно откритие, разработката на еден метод, делото на некој научник или неговите неуспеси, немаат исто влијание и не се опишани на ист начин на едно или на друго ниво што значи дека за тоа нема да биде раскажана иста приказна. Повторени прераспределби откриваат повеќе варијанти на минатото, повеќе облици на поврзаност, повеќе хиерархии на знаење, повеќе мрежи на определеност, повеќе телеологии за една иста наука така како што се менува нејзината сегашност: историските описи нужно се редат според актуелната состојба на знаењето, се зголемуваат со секоја трансформација и не престануваат да комуницираат сами со себе (M. Сер /Serres Michel/ ја даде теоријата на овој феномен во областа на математиката). За *Архитектонски единици на системите* што ги анализираше М. Геру (Martial Guéroult), не е важен описот на влијанијата, на традициите, на културните континуитети, туку е поважен описот на внатрешните кохеренции, на аксиомите, на дедуктивните вериги и на компатибилностите. Без сомневање, најкоренитите разграничувања ги прави теориската трансформација кога „заснова една наука одвојувајќи ја од идеологијата на нејзиното минато и откривајќи

го тоа минато како идеолошко“[1]. Се разбира, на тоа треба да се додаде книжевната анализа што како своја единица не го зема веќе духот или чувствителноста на една епоха, ни на повеќе „групи“, „школи“, „генерации“ или „движења“, не ја зема ни личноста на авторот во играта на размена помеѓу неговиот живот и неговото „создавање“, туку структурата својствена за едно дело, книга или текст.

Големиот проблем што ќе се појави – веќе се појавува – во таквите историски анализи не е во тоа како да се воспостават континуитетите, на кој начин да се формира и да се одржи еден модел за толку различни и поврзани умови, какво дејствување и каква подлога наметнува играта на пренесување, на преземање, на заборавање и на повторување, како може потеклото да го прошири своето владеење подалеку од себе и сè до крајот што никогаш не е даден; проблемот веќе не е во традицијата и трагата туку во поделбата, во границата; проблемот не е веќе во темелот што опстојува туку во трансформациите што важат како темел и обнова на темелот. Сега гледаме како се отвора цело поле прашања од кои некои се познати и преку нив оваа нова форма на историјата се обидува да разработи своја сопствена теорија, односно да ги специфицира различните концепти за да се обмисли дисконтинуитетот (праг, јаз, прекин, мутација, трансформација). Според кои критериуми треба да ги одделиме единиците со кои имаме работа: што е наука? Што е дело? Што е теорија?

[1] L. Athusser, Pour Marx, p.168.

Што е концепт? Што е текст? Како да воспоставиме различни нивоа, а секое од нив да содржи свои поделби и своја аналитичка форма? Кое е легитимното ниво на формализацијата? Кое е нивото на интерпретацијата? Кое е нивото на структуралната анализа? На кое ниво му ја припишуваме каузалноста?

Накратко, изгледа дека историјата на мислата, на знаењата, на филозофијата и на книжевноста само ги зголемува јазовите и ја нагласува острината на сите дисконтинуитети, додека самата историја, вистинската историја го брише напливот од настани во корист на стабилните структури.

* * *

Но, тоа вкрстување не треба да нè доведе до заблуда. Не треба да мислиме, врз основа на изгледот, дека некои историски дисциплини оделе од континуираното кон дисконтинуираното, додека други од мноштвото дисконтинуитети кон големи непрекинливи единици; или дека во анализата на политиката, на установите или на економијата стануваме сè почувствителни за глобалните одредници, додека во анализата на идеите и на знаењата им посветуваме сè поголемо внимание на игрите на разликите; не треба да веруваме дека овие две големи форми на опишување уште еднаш се разминале, а не се препознале.

Всушност, и во едниот и во другиот случај проблемите се исти, но на површината предизвикале обратни последици. Овие проблеми се